Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) за потребите на проектот ,,Менторство во правосудството и младински ангажман за родова еднаквост” финански поддржан од **Македонскиот центар за меѓународна соработка** во рамки на програмата ,,ЦМ-ПГ-2” објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За ангажирање на 2 (два) експерти (еден правник и еден родов експерт) за изработка на:

1. **Извештај за проценка на потребите за воспоставување родово сензитивна менторска програма**
2. **Родово сензитивна менторска програма со структуриран курикулум, тематски сесии, методолошки упатства и сценарија за симулации усогласени со CEDAW/GREVIO/ЕСПЧ стандарди**

## Позадина

Правосудниот систем во Северна Македонија сѐ уште се соочува со недоволна интеграција на родовата перспектива во секојдневната пракса. Иако постои нормативна рамка и меѓународни обврски (CEDAW, Истанбулска конвенција, пракса на ЕСПЧ), на ниво на практична примена се забележуваат празнини: недоволно препознавање на родово базирани ризици во предметите (особено семејно и онлајн насилство), недоследна анализа на индиректна дискриминација во работни односи и ограничена употреба на алатки за проценка на ранливост. Овие предизвици се потврдени и во „Анализата на родовите аспекти во правосудниот систем во Република Северна Македонија“ (ЦПИА, 2025), која укажува на недостиг на континуирано менторство и систематизирана поддршка за практична примена на родово сензитивен пристап при извршување на правосудните функции.

Проценката на потребите ќе се спроведе преку комбинирана квалитативна методологија, насочена кон судиите и јавните обвинители. Во таа насока ќе бидат организирани четири (4) фокус групи, по една во секое апелационо подрачје, како и десет (10) полуструктурирани интервјуа, со цел идентификација на клучните предизвици и потреби за примена на родово сензитивен пристап во правосудната пракса. Дополнително, ќе се реализираат консултации со Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) за анализа на досегашните обуки и утврдување на потребата од нивно дополнување.

Наодите од фокус групите, интервјуата и институционалните консултации ќе послужат како основа за изработка на Извештај за проценка на потребите, како и за дизајнирање на родово сензитивна менторска програма со структуриран и практично ориентиран курикулум, усогласен со релевантните меѓународни стандарди. Менторската програма ќе биде развиена како одржлив модел за јакнење на капацитетите, кој во понатамошната фаза на проектот ќе овозможи обука на пет (5) тренери-ментори (тројца судии/јавни обвинители и двајца родови експерти), кои ќе бидат оспособени за понатамошно менторирање на поширока група судии и јавни обвинители и за континуирана примена на родово сензитивниот пристап во правосудната пракса.

## 1. Број на експерти

За изработка на:

- **Извештај за проценка на потребите за воспоставување родово сензитивна менторска програма** и
- **Родово сензитивна менторска програма со структуриран курикулум, тематски сесии, методолошки упатства и сценарија за симулации усогласени со CEDAW/GREVIO/ЕСПЧ стандарди**

Центарот за правни истражувања и анализи ќе ангажира двајца **(2) правни** експерти кои заедно ќе ги подготвуваат горе наведените документи.

## 2. Специфични задачи на експертите

Експертите ќе ги спроведат следниве специфични задачи:

- Утврдување на потребниот тип на менторска програма преку комбинација од повеќе методи: спроведување на најмалку 10 интервјуа, 4 фокус групи, преглед на законодавство, извештаи, стратегиски документи и анализи;
- Идентификување на потребите (точен преглед на моменталната состојба во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители)
- Подготвен извештај за проценка на потребите за воспоставување на родово сензитивна менторска програма, што понатаму ќе биде основа за подготвување на менторската програма;
- Развиена родово сензитивна менторска програма со структуриран курикулум, тематски сесии, методолошки упатства и сценарија за симулации усогласени со CEDAW/GREVIO/ЕСПЧ стандарди
- Унификација на ментроската програма со стандардите и програмата на Академијата за судии и јавни обвинители

## 3. Квалификации и искуство

Позиција 1: Експертот (правник) потребно е да ги има следниве квалификации и искуство:

- Минимум седум (7) години релевантно работно искуство во областа на правосудството;
- Длабоко познавање на македонското и меѓународното законодавство и релевантните меѓународни конвенции релевантни за подготовка на документите;
- Одлични вештини за анализа и пишување (за предност се смета искуство во подготовка на анализи/истражувања/курикулуми од областа на човековите права и родовата еднаквост)
- Одлични вештини за планирање, организирање и пишување (за предност ќе се смета претходно искуство во спроведување фокус групи и интервјуа);

Позиција 2: Експертот (правник – родов експерт) потребно е да ги има следниве квалификации и искуство:

- Минимум пет (5) години релевантно правничко работно искуство во областа на родови прашања и човекови права;
- Длабоко познавање на македонското и меѓународното законодавство и релевантните меѓународни конвенции релевантни за подготовка на документите;
- Одлични вештини за анализа и пишување (за предност се смета искуство во подготовка на анализи/истражувања/курикулуми од областа на човековите права и родовата еднаквост)
- Одлични вештини за планирање, организирање и пишување (за предност ќе се смета претходно искуство во спроведување фокус групи и интервјуа);

## 4. Очекувани резултати од ангажманот

Експертот се очекува да ги постигне следниве клучни резултати (списокот не е исцрпен):

| Времетраење | Предвидени активности | Клучни резултати |
|---|---|---|
| 10.02.2026 – 30.04.2026 | -Спроведување на најмалку 10 интервјуа;<br>-четири 4 фокус групи;<br>-преглед на законодавство, извештаи, стратегиски документи, анализи и програма на АСЈО | ДОКУМЕНТ: Проценка на потребите за воспоставување родово сензитивна менторска програма |
| 01.05.2026 – 30.07.2026 | -Развиена родово сензитивна менторска програма со:<br><br>1.структуриран курикулум;<br>2.тематски сесии;<br>3.методолошки упатства и сценарија за симулации усогласени со CEDAW/ GREVIO/ ЕСПЧ стандарди;<br>4. Унификација на ментроската програма со стандардите и програмата на Академијата за судии и јавни обвинители. | ДОКУМЕНТ: Развиена родово сензитивна менторска програма |

## 5. Услови за извршување

Правата и обврските кои произлегуваат од ангажманот ќе бидат уредени со договор за услуги. Експертите ќе имаат обврска да доставуваат месечни извештаи за изработените работни задачи и листи на сработени работни денови (Timesheets) на македонски јазик најдоцна до 5ти од месецот за претходниот месец. Извештаите ќе се доставуваат до Проектниот менаџер на е-пошта: sara.markovska@cpia.mk

## 6. Времетраење и сума

Работниот ангажман за изработка на горе наведените документи ќе биде спроведен во период од петнаесет (15) работни дена по експерт во периодот од февруари до јули 2026 година. За секој работен ден предвиден е надоместок од 8000 денари (бруто).

## 7. Начин на аплицирање и рок:

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите наведени во овој повик потребно е да достават детална биографија.

Биографијата треба да се достави во електронска верзија на е-пошта: contact@cpia.mk со назнака **„Пријава за експертска позиција - Менторство во правосудството и младински ангажман за родова еднаквост"**. Рокот за аплицирање е до 05.02.2026 година до 16:30h.

Пристигнатите биографии ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија основана од Извршниот одбор на ЦПИА. Критериуми кои ќе бидат земени при предвид при одлучувањето се: целосно исполнување на условите од точка 7 и 8 на овој повик.

Контакт лице за овој повик е Сара Марковска, е-пошта: sara.markovska@cpia.mk